# Манифест на ИФЛА и УНЕСКО за јавните библиотеки 2022

Слободата, просперитетот и развојот на општеството и на граѓаните се основни човекови вредности. Тие можат да се стекнат преку способноста на добро информираните граѓани да ги остваруваат своите демократски права и да имаат активна улога во општеството. Конструктивното учество и развојот на демократијата зависат од квалитетот на образовниот систем, како и од слободниот и неограничен пристап до знаењето, мислата, културата и информациите.

Јавната библиотека претставува локална пристапна точка до знаењето, ги исполнува основните услови за доживотно учење, за самостојно одлучување и за културниот развој на поединецот и на општествените групи. Таа  поддржува здраво општество на знаење преку обезбедување на пристап и можност за создавање и споделување на сите видови знаења, вклучувајќи ги научното и локалното знаење без комерцијални, технолошки или законски ограничувања.

Во сите држави, особено во земјите во развој, библиотеките помагаат во остварување на правото на образование и учеството во општествата на знаење и во културниот живот на заедницата да е достапно до што е можно повеќе луѓе.

Овој Манифест ја прокламира довербата што ја има УНЕСКО во јавните библиотеки како движечка сила во образованието, културата, инклузијата и информациите, како и клучен инструмент за одржливиот развој и за индивидуалното остварување преку постигнување на мир и духовна благосостојба за сите.

Во таа смисла, УНЕСКО ги поттикнува државните и локалните власти да ги поддржат и активно да се вклучат во развојот на јавните библиотеки.

## Јавна библиотека

Јавната библиотека претставува локален центар на информации, кој им го олеснува пристапот до знаење и информации од секаков вид на своите корисници. Јавната библиотека е неопходна компонента во општествата на знаења, која континуирано се прилагодува на новите средства на комуникација за да им обебеди на сите граѓани универзален пристап до информациите и нивно користење. Јавната библиотека обезбедува јавно достапен простор за создавање на знаења, за споделување и размена на информации и култура, како и за промоција на граѓанскиот активизам.

Библиотеките се креатори на заедницата, проактивно стигнувааат до новите корисници, и, активно слушаат за да поддржат дизајнирање на услуги кои ќе ги задоволат локалните потреби и ќе придонесат за подобрување на квалитетот на животот. Јавноста има доверба во својата библиотека, и за возврат, должноста на јавната библиотека кон заедницата е проактивно да ја информира и да ја освестува.

Услугите на јавната библиотека се темелат врз еднаквоста на пристап за сите, без разлика на возраста, расата, полот, религијата, националноста, јазикот, општествениот статус или некоја друга карактеристика. Посебен вид услуги и специфични материјали треба да им бидат на располагање на оние корисници на коишто, од различни причини, им е оневозможен пристапот до вообичаените услуги и материјали, како на пример, на припадниците на јазичните малцинства, лицата со попреченост, лицата со слаби компјутерски и дигитални вештини, недоволно писмените луѓе, на болните или затворениците.

Секој човек, без разлика на возраста, треба да има пристап до библиотечните материјали, според своите потреби. Фондовите и услугите треба да ги содржат сите видови соодветни медиуми и сите современи технологии, но и традиционалните материјали. Важно е библиотечните материјали да се квалитетни, да соодветствуваат на локалните потреби и услови и да ја одразуваат јазичната и културната разновидност на заедницата.

Фондовите треба да ги одразуваат современите тенденции и развојот на општеството, како и меморијата на човековите достигнувања и имагинација.

Фондовите и услугите не треба да бидат изложени на никаква форма на идеолошка, политичка или религиозна цензура, ниту пак на каква било форма на комерцијален притисок.

## Мисијата на јавните библиотеки

Услугите на јавните библиотеки треба да се темелат на следниве клучни мисии што се поврзани со информациите, писменоста, образованието, инклузивноста, граѓанското учество и културата. Преку овие клучни мисии јавните библиотеки придонесуваат кон Целите за одржлив развој на Обединетите нации и во градењето на поправедни, похумани и одржливи општества.

- Да обезбедува пристап до голем обем на информации и идеи без цензура, да поддржува формално и неформално образование на сите нивоа, како и доживотно учење, а со тоа и континуирано, волонтерско и самостојно трагање по знаење на луѓето во сите периоди од нивниот живот;

- Да обезбедува можности за личен креативен развој, и стимулирање на имагинацијата, креативноста, љубопитноста и емпатијата;

- Да создава и да ги јакне навиките за чиатње кај децата од раѓањето до полнолетството;

- Да иницира, да поддржува и да учествува во литературни активности и програми за да се изградат вештини за читање и пишување и да се олесни развојот на медиумска и информациска писменост и вештини за дигитална писменост за луѓе од сите возрасни групи, во духот на создавање информирано, демократско општество;

- Да обезбедува услуги за својата заедница и лично и од далечина преку дигиталните технологии дозволувајќи пристап до информации, фондови и програми секогаш кога е можно;

- Да обезбедува пристап за сите луѓе до секакви видови информации за заедницата и можности за општествено организирање, препознавајќи ја улогата на библиотеката како темел на општественото ткиво;
- Да ѝ обезбеди на својата заедница пристап до научно знаење, како што се резултати од истражувања и здравствени информации што можат да влијаат врз животите на нивните корисници, како и да овозможи учество во научниот напредок;
- Да обезбедува соодветни информациски услуги за локални претпријатија, асоцијации и интересни групи;
- Да ги зачува локалните и автохтоните податоци, знаењето и наследството (вклучувајќи ја усната традиција) и да обезбедува пристап до нив, да создаде опкружување во кое локалната заедница може да земе активна улога во идентификување на материјали што треба да бидат опфатени, зачувани и споделени во согласност со желбите на заедницата;
- Да негува интеркултурен дијалог и да ја поттикнува културната различност;
- Да промовира зачувување и значаен пристап до културните изрази и наследството, почитување на уметностите, отворен пристап до научното знаење, истражување и иновации, изразени и во традиционалните медиуми, како и во дигитализираните и во изворните дигитални материјали.

## Финансирање, законодавство и мрежи

Пристапот до зградата и услугите во јавната библиотека начелно треба да бидат бесплатни. Јавната библиотека е одговорност на националните и локалните власти. Мора да е поддржана со специфични и современи законски решенија во согласност со меѓународни договори. Мора да биде финансирана од властите на национално и локално ниво. Таа мора да биде неопходен дел од секоја долгорочна стратегија за култура, обезбедување на информации, писменост и образование.

Во дигиталната ера, законските решенија за авторските права и интелектуалната сопственост на јавните библиотеки мора да им ја обезбедат истата можност за набавка и пристап до дигитални содржини според разумни услови исто како и за физичките ресурси.

За да се овозможи координација и соработка на библиотеките на национално ниво, законските решенија и стратегиските планови мора исто така да ја дефинираат и да ја промовираат националната библиотечна мрежа базирана на претходно договорени стандарди на услуги.

Мрежата на јавните библиотеки мора да биде оформена во согласност со  националната библиотека, потоа регионалните, истражувачките и специјализираните библиотеки, како и библиотеките во училиштата и на универзитетите.

## Функционирање и управување

Јавната библиотека треба да има јасно утврдена политика која ќе ги одреди целите, приоритетите и услугите според потребите на локалните општини. Важноста на локалното знаење и учеството на заедницата се неопходни за овој процес и локалната зедница треба да биде вклучена во носењето на одлуките.

Јавната библиотека треба да биде добро организирана и да одржува професионални оперативни стандарди.

Услугите треба да бидат достапни за сите членови на заедницата, физички или дигитално. Тоа подразбира библиотечните згради да имаат добра локација, да бидат добро опремени, да имаат добри услови за читање и учење, како и да нудат соодветна опрема и доволно долго работно време кое ќе им одговара на корисниците. Ова подразбира и давање услуги на оние кои се не се во можност да дојдат во библиотеката.

Библиотечните услуги треба да бидат прилагодени на различните потреби на заедницата, и во руралните и во урбаните области, како и на потребите на маргинализираните групи, корисниците со посебни потреби, на мултилингвалните корисници, како и на автохтоните народи внатре во заедницата.

Библиотекарот е активен посредник меѓу корисниците и изворите на информации, без разлика дали се дигитални или традиционални. Доволен број човечки и материјални ресурси, како и професионално и континуирано усовршување на библиотекарот за да може да се одговори на сегашните и идните предизвици, се неопходни во обезбедувањето на потребните услуги. Раководството треба да се консултира со библиотекарските професионалци при дефинирањето на квантитетот и квалитетот на задоволителниот број на ресурси.

Треба да бидат подготвени и соодветни едукативни програми за корисниците за да им помогнат да ги користат сите извори.

Тековните истражувања треба да се фокусираат на проценка на влијанието на библиотеката и на собирањето податоци, со цел да им се покаже општествената корист од библиотеката на оние што ги креираат политиките. Статистичките податоци треба да се собираат долгорочно, затоа што општествената корист од библиотеката најчесто ја гледаат следните генерации.

## Партнерства

Воспоставувањето партнерства е суштинско за библиотеките за да допрат до што поголем број и различни групи корисници. Треба да биде воспоставена соработка со релевантни партнери - на пример, кориснички групи, училишта, невладини организаци, библиотекарски здруженија, бизнис-заедницата и други професионалци на локално, регионално, национално, како и на меѓународно ниво.

## Објавување на Манифестот

Се повикуваат одговорните на државно и локално ниво како и библиотекарските здруженија низ целиот свет да ги спроведат принципите изразени во овој Манифест.

18 јули, 2022